Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-315/22
26-08-2022 година

Постапувајќи во постапка по службена должност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со Одлука од 30.06.2022 година отвори предмет бр. 08 – 315 против СОТУ „Ѓорѓи Наумов" за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на образование, врз ученик од ромска етничка припадност [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 23, став 4 и член 21, став 1, точка 14 и точка 15 и од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 25.08.2022 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на образование од страна на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" кон [redacted]

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиено известување од страна на Државен просветен инспекторат со бр. 08 – 315/1 од 20.05.2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доби сознанија за дејствија преземени во СОТУ „Ѓорѓи Наумов", кои според Законот за спречување и заштита од дискриминација се квалификувани како дискриминација. Во согласност со своите надлежности, врз основа на член 21, став 1, точка 15 и точка 22 во врска со член 23, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 30.06.2022 година донесе Одлука за поведување на постапка по службена должност против СОТУ „Ѓорѓи Наумов".

Во Известувањето од Државен просветен инспекторат - Битола со број ИП1 09-155 од 20.05.2022 година беше наведено дека по добиена претставка од група наставници, Државниот просветен инспекторат извршил вонреден инспекциски надзор во училиштето СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола. По констатираната фактичка состојба при увидот од страна на ДИТ во училиштето произлегоа индиции за сторена дискриминација од страна на директорот на училиштето кон наставничката [redacted] за што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација отвори постапка по службена должност. Од прилозите добиени заедно со Известувањето произлегоа индиции за сторена дискриминација врз ученик во СОТУ „Ѓорѓи Наумов", [redacted], чијашто класна раководителка била наставничката [redacted]

Во писмената изјава на класната раководителка [redacted], дадена во прилог на Известувањето од ДИТ е наведено:
Во рамки на училиштето „Ѓорѓи Наумов" се случиле две тепачки. Првата од 29.09.2021 година, во којашто ученик од трета година бил истепан од друг ученик, за кој настан наставничката тврди дека не постојат докази кои упатуваат на тоа дека ученикот [redacted] бил иницијатор или на било кој начин учествувал. Истото е потврдено од изјава заверена пред нотар - [redacted]

[redacted]. со број [redacted] од 31.12.2021 година, дадена од родителот на ученикот.
Втората тепачка се случила на 21.10.2021 година, за која било утврдено дека Озџан Рустемов е инцијатор.

На 17.06.2022 година до Комисијата беа испратени додатни докази од страна на [redacted]. Од приложениот Записник од состанокот на Наставничкиот совет на 22.10.2021 година, одржан по вториот инцидент во училиштето произлегува дека директорот на училиштето на наставничката [redacted] ѝ најавил изрекување на дисциплинска мерка, од причина што таа како класен раководител на ученикот [redacted] не му изрекла педагошка мерка – писмена опомена пред отстранување, знаејќи дека ученикот „на некој начин" бил инволвиран и во првата физичка пресметка. Врз основа на тоа директорот предложил до Наставничкиот совет на учениците [redacted] да им се изречат педагошки мерки – отстранување од училиште, со образложение до советот дека во конкретната ситуација, поради тежината на конфликтот во кој учествувале учениците, редоследното изрекување на педагошки мерки определени со Правилникот кој ги пропишува, може да се избегне. На ваквиот предлог дел од наставниците изреагирале со предупредување до директорот дека ваквиот начин на постапување со ученикот [redacted] би можел да резултира со постапување од страна на Државниот просветен инспекторат.
На Наставничкиот совет одржан на 25.10.2021 одлуката за изречената педагошка мерка – отстранување на ученикот [redacted] била ставена на гласање заради нејзино потврдување од страна на мнозинството на Наставничкиот совет. Пред започнување на гласањето, наставничката [redacted] побарала збор, со цел да ги изнесе своите видувања како класен раководител на ученикот. Правото на обраќање ѝ било ускратено од страна на директорот на училиштето, со образложение дека таа е на боледување. По што педагошката мерка – отстранување на ученикот Озџан Рустемов била изгласана од Наставничкиот совет, а класното раководство на [redacted] било одземено од страна на директорот.

Согласно член 29, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, заради потврдување на веродостојноста на добиените информации, на 15.06.2022 година членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација извршија увид во СОТУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола. Видно од Записникот за извршен непосреден увид во документација, по разговор со наставничката [redacted] било констатирано:
Во физичката пресметка помеѓу учениците која се случила на 29.09.2021 година, е потврдено дека ученикот [redacted] воопшто не бил инволвиран, но од страна на директорот, именуваниот ученик повеќе пати бил посочуван како учесник во настанот. За ваквиот настан бил изработен Записник од страна на МВР Битола, по што бил отворен предмет во Јавното обвинителство - Битола. На 22.10.2021 година се одржал состанок на Наставнички совет, на кој била разгледана состојбата со тепачката и било потенцирано од страна на директорот [redacted] дека: на [redacted] ќе ѝ биде изречена дисциплинска мерка затоа што не му изрекла на ученикот [redacted] педагошка мерка – писмена опомена, посочувајќи го ученикот како учесник во физичката пресметка од 29.09.2021 година. Наставничката одбила да ја изрече педагошката мерка, со тврдење дека не постојат докази за учество на ученикот во тепачката, кое било потврдено од изјава на родитителот дадена на нотар и видео снимки од надзорните камери на училиштето.

Ученикот [redacted] од наставниот процес бил отстранет на 22.10.2021 година, пред да се обави разговор со родителите, како и пред да му биде овозможено да се ијасни за конкретниот настан и други настани во кои тој трпел притисоци и напади.

Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација обавија телефонски разговор со родителот на [redacted], преку кој добија информација дека на 21.10.2021 година нивниот син бил физички нападнат од група напаѓачи, по што повикал другари да возвратат.
По отстранувањето на нивниот син од образовниот процес, родителите направиле неколку обиди за негово запишување во друго училиште, но во ниту едно училиште не бил примен. На тој начин ученикот ја пропуштил можноста да се стекне со средно образование, иако согласно Законот за средно образование истото е задолжително.

По пратено Барање за доставување на информации до Државен просветен инспекторат, на 22.06.2022 година до Комисијата пристигна одговор, со кој е доставен записник од извршен вонреден инспекциски надзор во СОТУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола со бр. ИП1 09-155 од 12.05.2022 година.

ДПИ при инспекцискиот надзор утврдил дека Наставничкиот совет на состанок одржан на 22.10.2022 година, на предлог од директорот изгласал изрекување на педагошка мерка – отстранување од училиштето на ученикот [redacted] заради брутално насилство врз ученици од училиштето. Откако Наставничкиот совет веќе го изгласал изрекувањето на педагошката мерка, на 25.10.2022 година, воден е разговор помеѓу педагогот, класната раководителка, пом. директорот, директорот со родителот на [redacted], во врска со инцидентот во училиштето од 21.10.2022 година. При разговорот родителот бил запознаен дека поради сторено физичко насилство кон други ученици, на [redacted] ќе му биде иречена педагошка мерка – отстранување од училиште. Во врска со ваквата фактичка состојба, ДПИ констатирала повреда на член 4 од Упатството при изрекувањето на педагошките мерки на ученици сторена од страна на училиштето, од причина што не била испочитувана процедурата за постапно изрекување на педагошките мерки кон ученикот. По вака утврдената неправилност ДПИ укажал на почитување на членот 4 од Упатството при изрекувањето на педагошките мерки на ученици.
Од друга страна, процедурата за изрекување на педагошки мерки за ученикот [redacted], кој исто така бил учесник во физичката пресметка, била испочитувана. Разговор помеѓу одговорните лица во училиштето, ученикот [redacted] и родителот на ученикот бил обавен на 22.10.2022 година, пред изрекување на педагошката мерка – отстранување од училиште.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира нееднакво постапување од страна на училиштето, односно различен третман кон ученикот [redacted].

По пратено Известување за произнесување по наводите од претставката, на 12.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на директорот на училиштето – [redacted]. Директорот на училиштето во целост ги негира наводите за сторена дискриминација кон ученикот [redacted], со образложение дека неговото постапување, како и постапувањето на Наставничкиот совет било во согласност со Статутот на училиштето. Според тврдењата изнесени во произнесувањето, ученикот бил отстранет од училиштето со одлука на Наставнички совет од 25.10.2021 година, по тепачка во која учествувал заедно со еден соученик и група надворешни лица. Директорот го опишува инцидентот како крајно немилосрден и насилен, со опасност од тешки и животозагрозувачки последици. Настанот бил пријавен од негова страна во МВР Битола, каде дал изјава и ги предал снимките од надзорните камери од училиштето. Во однос на постапката за изрекување на педагошките мерки и донесувањето на одлуката за отстранување на ученикот [redacted] директорот наведува дека се водени во согласност со Статутот на училиштето. Во произнесувањето е наведено дека Наставничкиот совет на ученикот на кој му е изречена педагошката мерка отстранување од училиштето може да му овозможи да ја следи наставата.

При спроведениот увид во училиштето, Комисијата констатира дека на ученикот не му е овозможено следење на наставата, со тоа што тој е отстранет од наставниот процес на 22.10.2021 година.

Согласно член 29, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 30.05.2022 година член на Комисијата за спречување и заштита од дискримминација изврши непосреден увид во документација во просториите на Основното јавно обвинителство Битола. Заради целите на постапката беа побарани информации за предметите РО 1402/21 и РО 1490/21 поврзани со [redacted], поднесени од СВР Битола. Од причина што предметите беа во обвинителна фаза и заради природата на предметите, списите не можеа да бидат ставени на увид.
Комисијата дојде со сознанија дека за истиот инцидент, тепачка во училиштето за ученикот Марио Јелисковски не постои евиденција во ОЈО, ниту со постапката е опфатен наведениот ученик, иако тие заедно со [redacted] учествувале во инцидентот.

На 05.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Изјава од наставничката [redacted] а во врска со постапувањето кон ученикот [redacted]. Од содржината на изјавата произлегува дека педагошката мерка – отстранување од училиште кон [redacted] била изречена без претходно да се изготви записник од разговор со родителот на ученикот, што е спротивно на постапката за изрекување на педагошки мерки. Воедно на класната раководителка и било ускратено правото да се обрати до Наставничкиот совет и да ги извести дека пред да настане тепачката, ученикот [redacted] бил физички нападнат. Наведено е дека при отстранување на ученикот од училиштето, не само што не биле земени предвид сите релевантни информации поврзани со настаните, туку и дека према него не е поеднакво постапено како према [redacted] како и дека не е земена предвид околноста што ученикот е од ранлива категорија.

На ден 04.08.2022 година, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, член на Комисијата изврши непосреден увид во СОТУ „Ѓорѓи Наумов" Битола. При увидот беше утврдена следната фактичка состојба:

- Во архивата на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" Битола не постои евиденција дека Државниот просветен инспекторат бил известен за изречените педагошки мерки – отстранување од училиште на [redacted], иако училиштето било должно тоа да го стори;
- Училиштето не го информирало СВР Битола дека на 21.10.2021 година [redacted] бил тепан, а од друга страна го пријавиле за инцидентот преку кој возвратил за физичките напади;
- Во архивата на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" Битола постои евиденција за изречени педагошки мерки „отстранување од училиште" за [redacted]. На [redacted] му била дадена можност да се запише како вонреден ученик во истото училиште, на [redacted] му било овозможено наставата да ја следи online во истото училиште, [redacted] е запишан во средното земјоделско училиште во Битола и [redacted] не успеал да се запише во друго училиште.

Оттука произлегува дека единствено на [redacted] не му била дадена можноста да ја следи наставата и веднаш бил отстранет од наставниот процес.
Од сето горенаведено произлегува дека:

При изрекување на педагошката мерка – отстранување од училиште на ученикот [redacted], училиштето за иста фактичка состојба постапило различно во однос на ученикот [redacted]

[redacted] При изрекување на мерката за отстранување на ученикот [redacted] била испочитувана процедурата, со тоа што на ученикот му била дадена можност да се произнесе и бил обавен разговор помеѓу надлежните од училиштето и родителот на ученикот, пред да биде донесена одлуката за негово отстранување. Од друга страна, за ирекување на истата мерка, за истиот настан, разговор помеѓу надлежните од училиштето и родителите на [redacted] е обавен откатко мерката отстранување на ученикот е донесена.

Дополнително при постапката на одлучување за донесување на педагошката мерка, на класната раководителка на [redacted] и било оневозможено да се произнесе, а со тоа и правилно да биде утврдена фактичката состојба на Наставничкиот совет.

Различниот третман кон ученикот од страна на училиштето се согледува во начинот на кој што постапило училиштето кога [redacted] бил физички нападнат, наспроти настанот кога тој бил инцијатор на физичка пресметка. Како и фактот дека од двајцата ученици кои биле учесници во инцидентот, од страна на директорот на училиштето во МВР Битола бил пријавен единствено [redacted]

Ученикот бил отстранет од наставниот процес, без притоа да му се даде можност за следење на наставата, како што се постапило со останатите ученици на кои им била изречена истата педагошка мерка. Имајќи го тоа предвид, како и неможноста ученикот да се запише во друго училиште, а особено ускратување на можноста за алтернативно следење на наставниот процес и непријавувањето на изречената мерка – отстранување од училиште до Државниот просветен инспекторат, на [redacted] му било оневозможено правото на образование на еднаква основа со другите ученици.

Со таквиот начин на постапување од страна на училиштето е исполнета законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на образование од страна на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" кон [redacted]

Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

# ПРЕПОРАКА

Се препорачува на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола на ученикот [redacted] да му овозможи враќање во училиштето заради завршување на задолжителното средно образование на трошок на училиштето. Начинот на следење на наставниот процес спогодбено да го определат надлежните лица од училиштето, родителите на ученикот и ученикот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација препорачува училиштето во иднина подеднакво да постапува со сите ученици без разлика на етничка припадност или било која друга дискриминаторска основа.

Лицето кон кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката и за тоа да ја извести Комисијата.

Доколку СОТУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола не постапи согласно препорачаното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
25.08.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- СОТУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола со адреса на Михајло Андоновски бр. 1, 7000 Битола
- [redacted]
- Државен просветен инспекторат – Битола со адреса на Македонска Фаланга бр. 31-а, 7000 Битола
- Општина Битола со адреса на „1-ви Мај" бр. 61, 7000 Битола


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk